Врз основа на член 22 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати – Скопје, со седиште на ул. „Св.Кирил и Методиј" бр. 4 од Скопје, го доставува следоното:

"МАКПЕТРОЛ" Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати бр. 0302-2702/1 04.04.2018 год.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известува јавноста дека МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати – Скопје на ден 15.03.2018 година достави Барање за менување на Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Лиценцата се менува поради зголемување на складишните капацитети и проширување на резервоарскиот простор лоцирани во складовите за нафтени деривати во градовите Прилеп и Кочани.

**Име односно назив на барателот:**

МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати – Скопје, со седиште на ул. „Св.Кирил и Методиј" бр. 4 од Скопје.

**Вид на енергетска дејност:**

Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

**Подрачје на кое ќе се врши дејноста:**

Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати – Скопје ќе врши во Република Македонија и во странство.

**Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста:**

МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати – Скопје, приемот и испораката на нафтените деривати ќе ја врши преку складишните капацитети лоцирани во складот Прилеп со право на сопственост наведена во Имотен лист бр. 34104 за КО Прилеп, за вршење трговија со Еуросупер 95 БС, Еуросупер 98 БС, Еуродизел БС (D-E V) и Екстра лесно ЕЛ-1, како и преку складишните капацитети лоцирани во складот Кочани со право на сопственост наведена во Имотен лист бр.9 за КО Кочани, за вршење трговија со Еуросупер 95 БС, Еуросупер 98 БС, Еуродизел БС (D-E V) и Екстра лесно ЕЛ-1.

**Времетраење на лиценцата:**

Времетраењето на лиценцата со евидентен број **НД – 03.03.1/05.2/09.2/15.3/16** е до 29.03.2026 година.

**Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии:**

Заинтересираните страни, правни и физички лица можат по писмен пат да достават до Регулаторната комисија за енергетика , предлози, мислења и сугестии во врска со Барањето за менување на Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт во рок од 5 (пет) дена, од објавувањето на ова ИЗВЕСТУВАЊЕ.

**Адреса на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија:**

Ул.„ Македонија" бр. 25, Палата Лазар Поп Трајков – 6-ти кат, 1000 Скопје, Република Македонија

**МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ**

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ